**Известување за концентрација со која ККЦГ Реал Естате Гроуп, а.с. Чешка Република и Рокавеј Гроуп а.с. Чешка Република, ќе формираат целосно функционално заедничко вложување**

**(предмет бр. 08-153/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 17.10.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која ККЦГ Реал Естате Гроуп, а.с. (KKCG Real Estate Group, a.s.), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 866/71, Воковице, 160 00, Прага 6, Чешка Република, и Рокавеј Гроуп а.с. (Rockaway Group a.s.), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 2758/11, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република, ќе формираат целосно функционално заедничко вложување.

ККЦГ е друштво кое припаѓа на ККЦГ Групацијата, која е приватна инвестициска групација со над 6.000 вработени присутна во 18 држави, и примарно е активна во следните области: нафта и гас, инженерство, игри и забава, технологија, информатички технологии и недвижности.

ККЦГ е основано во 2012 година со цел обезбедување на ефективен менаџмент на проектите од областа на недвижностите на ККЦГ Групацијата. Неговите основни активности се развивање на проекти за резиденцијални и канцелариски недвижности, како и управување со објекти.

Во Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна примарно на пазарот на оперирање со терминали за видеолотарија, преку следните друштва:

- КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ, со седиште на Булевар Киро Глигоров бр.2, Скопје – Гази Баба и предмет дејности на коцкање и обложување
- Државна видеолотарија на Република Македонија – КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со седиште на Булевар Киро Глигоров бр.2, Скопје – Гази Баба и предмет дејности на коцкање и обложување.

Дополнително, ККЦГ Групацијата има одредени активности во Северна Македонија и преку контрола на Сеавус Групацијата и Мусала Групацијата. Во Северна Македонија, Сеавус Групацијата ги има следните друштва:

- СЕАВУС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр.33а / Центар 1, Скопје - Центар, и дејност компјутерско програмирање
- СЕАВУС ЕДУКАТИВЕН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр.33а / Центар 1, Скопје - Центар, и дејност друго образование, неспомнато на друго место

Зависно друштво на Мусала Групацијата во Северна Македонија е Друштвото за производство, трговија и услуги МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.3-кат4/канц. 4003, Скопје и дејност компјутерско програмирање

Рокавеј е холдинг акционерско друштво основано во Чешката Република и самостојно контролирано од г-н Јакуб Хаврлант, преку кое г-н Хаврлант остварува контрола над Рокавеј Групација. Деловните активности на Рокавеј Групацијата примарно опфаќаат електронска трговија, онлајн туристички услуги, финансиски технологии, објавување на книги и други медиуми, ризичен капитал и инвестиции во развој на недвижности.

Во Северна Македонија, Рокавеј Групацијата е присутна преку следното друштво:

- ЦИРАФА ДООЕЛ Скопје со седиште на Јадранска магистрала бр.86 Скопје - Карпош, Карпош и дејност: трговија на мало преку пошта и интернет.

Релевантен пазар за концентрацијата е пазарот на услуги од областа на недвижностите во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.10.2023 година
Скопје